РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3346/3

30-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на подносителот ------- ---------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-5093/1 од 06.11.2019 година, доставена од подносителот ------- ---------- од ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема надлежност за постапување по предметот со број 12-5093 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-5093/1 од 06.11.2019 година, а предметот ќе се достави на надлежно постапување на Адвокатска Комора на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-5093 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5093 од 2019 година оформен по пријава/претставка бр. 12-5093/1 од 06.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на подносителот ------- ---------- од ----------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконито работење и постапување на Адвокатско друштво од --------- по однос на побаран голем надоместок за застапување во предмети по покренати тужби.

Кон пријавата е приклучено и дополнително писмено - барање поднесено од истиот подносител, кое е заведено под архивски број 12-3346/1 од 28.09.2020 година, како и Барање објаснување, информации и докази за наводите во претставката заведено под архивски број 12-3346/2 од 10.12.2020 година, доставено од Народен правобранител --------. Ова барање правобранителот го доставува во врска со до него доставена претставка на лицето ------- ---------

- од ----------, која била поднесена против ДКСК со која тој побарал интервенција од Народниот правобранител поради одолжување на постапката за одлучување по неговото барање поднесено на ден 25.09.2020 заведено под бр. 12-5093/1. Со Барањето, народниот правобранител бара ДКСК да достави писмен одговор за преземени мерки и копија од донесена одлука за доставената претставка.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот при што констатира дека во предметот станува збор за наводи кои се однесуваат на работењето на адвокатско друштво и во истата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени нема надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Адвокатска комора на Република Северна Македонија. Воедно, ДКСК ќе достави известување и до Народниот правобранител -------- за информирање од своето надлежно постапување и ќе му се достави и копија од донесената одлука за овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 3346/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : м-р В.Г. ,член на ДКСК